П Р Е Д Л О Г

**О Д Л У К А**
**за избор на друштво за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2023 година**

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка АД Скопје на седницата одржана на ден 10.10.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на друштво за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2023 година**

1. Со оваа Одлука се избира друштвото за ревизија Грант Торнтон ДОО Скопје, да врши ревизија на финансиските извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2023 година, во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР) кои се во примена во Република Северна Македонија и во согласност со Одлуката на Народна банка на Република Северна Македонија („НБРСМ“) за содржината на ревизијата на годишните финансиски извештаи и на работењето на Банката.
2. Меѓусебните права, обврски и одговорности ќе се уредат со Договор за извршување на ревизија на финансиските извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2023 година, по нето цена од 2.750.000 МКД со вклучен ДДВ.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
**кон Одлуката за избор на друштво за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2023 година**

Согласно со Законот за банките на Република Северна Македонија член 89 став 3 точка 22 и член 91 став 9 точка 9, Надзорниот одбор на Банката го одобри предлогот на Одборот за ревизија за назначување на друштво за ревизија кое ќе врши ревизија на финансиските извештаи на Банката за 2023 година, во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР) кои се во примена во Република Северна Македонија и во согласност со Одлуката на Народна банка на Република Северна Македонија („НБРСМ“) за содржината на ревизијата на годишните финансиски извештаи и на работењето на Банката. Предлогот согласно член 86 став 1 точка 9 од Законот за банки (и одредбите на Статутот на Банката) се проследува до Собранието на акционери за избор на друштво за ревизија.

Врз основа на погореспоменатото, Надзорниот одбор предлага на Собранието на акционери на Банката за надворешен ревизор за 2023 година согласно Меѓународните стандарди за ревизија (МСР) кои се во примена во Република Северна Македонија и во согласност со Одлуката на Народна банка на Република Северна Македонија („НБРСМ“)за содржината на ревизијата на годишните финансиски извештаи и на работењето на Банката, да биде избран Грант Торнтон ДОО Скопје.

Договорот вклучува подготовка на извештај и независно мислење според локалните регулативи во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР) кои се во примена во Република Северна Македонија и во согласност со Одлуката на Народна банка на Република Северна Македонија („НБРСМ“) за содржината на ревизијата на годишните финансиски извештаи и на работењето на Банката.